20252524903

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 13 став 1 од Законот за прометот на експлозивни материи („Службен лист на СФРЈ“ бр. 30/85, 6/89 и 53/91) кој согласно член 5 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91 и 4/92) е преземен како републички пропис и („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/93, 66/07, 86/08, 148/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21), Министерството за внатрешни работи објавува

## ЛИСТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЕКСПЛОЗИВНИТЕ МАТЕРИИ ШТО МОЖАТ ДА СЕ ПУШТААТ ВО ПРОМЕТ

Во Листата на експлозивните материи што можат да се пуштаат во промет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/98, 19/01, 46/04, 106/06, 208/15 и 104/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 56/19, 120/19, 231/19, 52/20, 42/21, 140/21, 280/22, 147/23 и 176/24), во Дел I. „СТОПАНСКИ ЕКСПЛОЗИВИ“ во точката 74 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка и се додава нова точка 75, која гласи:

„75. Експлозивен материјал – хидрогел (претходно раздвоени сензитивни патрони со воден гел во флексибилна обвивка) за цивилна употреба RIOSPLIT WF Modul B, со класификација UN 0241, Експлозив, Тип Е, 1.1 D, со дијаметар и должина (17x80, 22x60, 26x40, 32x28, 40x17, 45x14 и 45x31,5), производство на „S.C. MAXAM ROMANIA S.R.L.“, Str.Av.Stefan Sanatescu, nr.7a, sector 1.“.

Бр. 13.1.1-131498/1
12 декември 2025 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Панче Тошковски,** с.р.